# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на<br>Општина Ѓорче Петров<br>Излегува по потреба | 11 Јануари 2013 година<br>Скопје<br>Бр.1 Год.VIII |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и
работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309


**Содржина:**


1. **Одлука за усвојување на физибилити студија за јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда на Општина Ѓорче Петров..........2**
2. **Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда...........................................................................4**
3. **Програма за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година..........8**
4. **Буџетски Календар за 2013 година.......................................................................25**
5. **Одлука за измена со проширување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година во колона кредити.........................................................................27**
6. **Одлука за доделување на награда за најубаво украсени куќа и двор по повод Новата 2013 година...................................................................................................29**


**Јануари 2013, Скопје**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Физибилити студија за јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за усвојување на Физибилити студија за јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шеесетичетвртата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 11.01.2013 година.

**Број 08-135/1**
**од 11.01.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр. 5/2002), член 16 и 17 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Сл. Весник на РМ„ бр. 6/2012 ), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров„ бр. 05/2006) и Одлука од Владата на Република Македонија за давање согласност за спроведување на постапка за јавно приватно партнерство за изградба на административно деловна зграда бр.41-9442/1-12 од 03.01.2013 година („Службен Весник на Република Македонија“ бр.3/2013), Советот на Општина Ѓорче Петров на 64-тата седница одржана на 11.01.2013 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за усвојување на физибилити студија за јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Се усвојува физибилити студија за јавно – приватно партнерство за изградба на административно – деловна зграда на Општина Ѓорче Петров.

Физибилити студијата е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за усвојување на физибилити студија за јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда на Општина Ѓорче Петров 07-1985/4 од 13.07.2012 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-45/3**
**Од 11.01.2013 година**
**Скопје**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда**

Се објавува Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шеесетичетвртата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 11.01.2013 година.

**Број 08-135/2**
**од 11.01.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр. 5/2002), член 17 и 18 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Сл. Весник на РМ„ бр. 6/2012 ), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров„ бр. 05/2006 и бр.6/2012 ) и Одлука од Владата на Република Македонија за давање согласност за спроведување на постапка за јавно приватно партнерство за изградба на административно деловна зграда бр.41-9442/1-12 од 03.01.2013 година („Службен Весник на Република Македонија" бр.3/2013), Советот на Општина Ѓорче Петров на 64-тата седница одржана на 11.01.2013 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Ѓорче Петров започнува постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда (во натамошниот текст: доделување на Договор за ЈПП) со вкупна бруто површина од 15.000 $м^2$ , од кои најмалку 3.500 $м^2$ бруто површина сопственост на Општина Ѓорче Петров и подземен паркинг простор од кој 40 паркинг места во сопственост на Општина Ѓорче Петров. Административно-деловната зграда ќе се гради на КП 6221/1 КО Ѓорче Петров 6 со површина од 7733 $м^2$ , КП 6203/3 КО Ѓорче Петров 4 – Влае со површина од 418 $м^2$ и КП 13556/2 КОЃорче Петров 4 – Влае со површина од 10$м^2$, кои формираат градежна парцела бр. 2.2.4 со вкупна површина од 8.152 $м^2$.

Постапката започнува врз основа на Одлука на Владата на Република Македонија бр.41-8532/1 со која е дадено право на трајно користење на градежното земјиште сопственост на Република Македонија на катастарските парцели од член 1 од оваа Одлука, на Општина Ѓорче Петров заради изградба на административно деловна зграда („Службен Весник на Република Македонија" бр.150/2012) и Одлука од Владата на Република Македонија за давање согласност за спроведување на постапка за јавно приватно партнерство за изградба на административно деловна зграда бр.41-9442/1-12 од 03.01.2013 година („Службен Весник на Република Македонија" бр.3/2013).

Оправданоста од доделување на Договорот за ЈПП произлегува од потребата од нов административен објект за потребите на органите на општината и за општинската админстрација кој не може да се изгради со средства на Општина Ѓорче Петров со оглед дека истата не располага со буџетски фискален капацитет кој може да ја гарантира и обезбеди изградбата на нов административен објект.

**Член 2**

Цели кои треба да се остварат со доделувањето на договорот за ЈПП се:

- модернизирање на работењето и јакнење на капацитетите на општинската администрација и на органите на општината;
- создавање на услови за ефективно и ефикасно работење на општинската администрација и на органите на општината; и
- подобрување на услугите за граѓаните и правните лица од подрачјето на општина Ѓорче Петров.

**Член 3**

Предмет на Договорот за ЈПП е:

- проектирање на административно-деловната зграда;
- изградба на административно-деловната зграда, која ќе ги задоволува условите на одржливиот развој, особено за животната средина, урбанистичко архитектонските стандарди и енергетските потреби (употреба на обновливи извори на енергија и примена на енергетска ефикасност);
- финансирање на проектирањето и изградбата на административно-деловната зграда од страна на приватниот партнер.

**Член 4**

Проценета вредност на договорот за ЈПП 12.651.295,00 Евра.

**Член 5**

Согласно член 15 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство Договорот за ЈПП ќе се додели со отворен повик во рок од 9 месеци од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Спроведувањето на постапката од став 1 на овој член ќе започне најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа Одлука.

**Член 6**

Висината на надоместокот за издавање на тендерската документација изнесува 100,00 Евра во денарска противвредност според званичниот курс на НБРМ на денот на уплатата на средствата.

**Член 7**

Постапката за доделување на Договорот за ЈПП од член 3 на оваа Одлука ќе ја спроведе Комисија за спроведување на постапката формирана од страна на Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

**Член 8**

Се овластува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да ги превземе сите активности за спроведување на постапката и да потпише Договор со понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.

**Член 9**

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за започнување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно деловна зграда бр. 07-3982/6 од 24.12.2012 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.16/2012).

**Член 10**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Бр.07-45/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Од 11.01.2013 година** **Претседател**
**Скопје** **Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година**

Се објавува Програмата за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шеесетичетвртата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 11.01.2013 година.

**Број 08-135/3**
**од 11.01.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 13 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 5/2006) и член 127 од Деловникот на Советот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Град Скопје бр.10/97), Советот на Општина Ѓорче Петров на 64-тата седница одржана на ден 11.01.2013 година, донесе:

# Програма
# за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров
# за 2013 година

## I. Период Јануари - Март

1. Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година;

**Предлагач:** **Координативно тело**
**Изготвувач:** **Одделение за нормативно-правни и работи и работа со Советот**

2. Предлог-Буџетски календар на Општина Ѓорче Петров за 2013 година;

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Сектор за финансиски Прашања**

3. Предлог-Одлука за Измена и дополна на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година;

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Сектор за финансиски Прашања**

4. Предлог-Одлука за усвојување на физибилити студија за јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда на Општина Ѓорче Петров;

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Одделение за нормативно-правни и работи и работа со Советот**

5. Предлог-Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на административно-деловна зграда ;

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Одделение за Јавни набавки**

6. Извештај за извршување на Буџетот за 4-то тромесечие од 2012 година (во текот на месец Февруари);

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Сектор за финансиски прашања**

7. Предлог - Одлука за донесување на изменување и дополнување на ДУП дел од западна индустриска зона ул: Лепенец – блок 6;

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

8. Предлог - Одлука за за донесување на изменување и дополнување на ДУП дел од западна индустриска зона ул: Лепенец – блок 2;

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

9. Предлог - Одлука за донесување на ДУП УЗ Ѓ. Петров-блок 14;

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

10. Предлог - Одлука за донесување на ДУП УЗ ХРОМ дел од блок 5;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

11. Предлог - Одлука за донесување на ДУП УЗ ДЕКСИОН;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

12. Предлог - Одлука за за донесување на ДУП УЗ Даме Груев – УБ3;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

13. Предлог - Одлука за за донесување на ДУП УЗ Даме Груев – УБ4;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**
**Прашања**

14. Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план-Воен Отпад, Општина Ѓорче Петров.

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**
**Прашања**

15. Предлог - Одлука за донесување на изменување и дополнување на за УЗ Даме Груев,УБ2- Блок 13, Општина Ѓорче Петров.

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

16. Предлог - Одлука за донесување на изменување и дополнување на ДУП Крајбрежен појас, локалитет спортски терени – дел од блок 1, Општина Ѓорче Петров.

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

17. Годишен Извештај за реализација на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година (период 01.01.-31.12. 2012 година) до 15-ти Март;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања**

18. Предлог-Завршна сметка за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година. (до 15-ти Март);

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски Прашања**

19. Разгледување и усвојување на завршен Извештај за реализирани програми усвоени од Советот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година (до 31-ви Март)

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

## II . Период Април - Јуни

1. Конституирање на Советот на Општина Ѓорче Петров;

**Предлагач: Координативно тело**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни и работи и работа со Советот**

2. Формирање на Комисии на Советот на Општина Ѓорче Петров;

**Предлагач: Координативно тело**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни и работи и работа со Советот**

3. Предлог-Одлука за именување преставници на Општина Ѓорче Петров во Управниот Одбор на Детска Градинка „Росица“-Скопје;

**Предлагач: Координативно тело**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни и работи и работа со Советот**

4. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за именување претставници на Општина Ѓорче Петров во Училишниот Одбор на Основните училишта:

- О.У. „Мирче Ацев“;
- О.У. „Ѓорче Петров“;
- О.У. „Димитар Поп Георгиев-Беровски“;
- О.У. „Страшо Пинџур“;

- О.У. „Тихомир Милошевски“;
- О.У. „Јоаким Крчоски“;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот**

5. Квартален Извештај за извршување на Буџетот I-квартал (период 01.01.-31.03.2013 година);

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања**

6. Предлог-Одлука за отпочнување постапка за изработка на Стратегија за основно образование;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: НВО Консултант и Комисија за образование, наука,социјална, здравствена**

7. Нацрт - Одлука за утврдување на УПС Кучково со разработка на блок;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштитана животната средина**

8. Нацрт - Одлука за утврдување на УПС Волково со разработка на блок 3;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и Заштита на животната средина**

9. Предлог-Одлука за донесување на програма за Урбана опрема за 2013 година, Општина Ѓорче Петров, Скопје;

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и Заштита на животната средина**

## III. Период Јули - Септември

1. Предлог-Одлука за доделување на Годишна награда "Ѓорче Петров" во 2013 година;

**Предлагач:** **Комисија за за спорт, култура, млади, награди и признанија**
**Изготвувач:** **Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

2. Квартален Извештај за извршување на Буџетот II-квартал (период 01.01.-30.06.2013 година);

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Сектор за финансиски прашања**

3. Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ОУ „Мирче Ацев" за учебната 2012/2013 година;

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **ОУ Мирче Ацев**

4. Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ОУ „Ѓорче Петров"за учебната 2012/2013 година;

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **ОУ Ѓорче Петров**

5. Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ОУ „Димитар Поп Георгиев-Беровски" за учебната 2012/2013 година;

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **ОУ Димитар Поп Г.Беровски**

6. Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ОУ „Страшо Пинџур“ за учебната 2012/2013 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Страшо Пинџур**

7. Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ОУ „Јоаким Крчовски“ за учебната 2012/2013 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Јоаким Крчовски**

8. Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ОУ „Тихомир Милошевски“ за учебната 2012/2013 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Тихомир Милошевски**

9. Извештај за работа на Јавната установа - Детска градинка „РОСИЦА“ - Скопје за периодот 2012/2013 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Јавна установа Детска Градинка Росица**

10. Предлог -Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ОУ „Мирче Ацев“ за учебната 2013/2014 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Мирче Ацев**

11. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ОУ „Ѓорче Петров“ за учебната 2013/2014 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Ѓорче Петров**

12. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ОУ „Димитар Поп Георгиев Беровски" за учебната 2013/2014 година;

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **ОУ Димитар Поп Г.Беровски**

13. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ОУ „Страшо Пинџур" за учебната 2013/2014 година;

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **ОУ Страшо Пинџур**

14. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ОУ „Јоаким Крчовски" за учебната 2013/2014 година;

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **ОУ Јоаким Крчовски**

15. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ОУ „Тихомир Милошевски" за учебната 2013/2014 година;

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **ОУ Тихомир Милошевски**

16. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на Јавната установа Детска градинка „РОСИЦА" - Скопје за период 2013/2014 година;

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Јавна установа Детска градинка РОСИЦА**

## IV. Период Октомври - Декември

1. Квартален Извештај за извршување на Буџетот III-квартал (период 01.01.-30.09.2013 година) (месец Октомври);

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Сектор за финансиски Прашања**

2. Нацрт - Одлука за донесување на ДУП заради усогласување со новиот Генерален урбанистички план на Град Скопје, за Урбана четврт: СЗ 01;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**Заштита на животната средина**

3. Одлука за донесување на ДУП заради усогласување со новиот Генерален урбанистички план на Град Скопје, за Урбана четврт: СЗ 03:

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**Заштита на животната средина**

4. Нацрт - Одлука за донесување на ДУП заради усогласување со новиот Генерален урбанистички план на Град Скопје, за Урбана четврт: СЗ 04;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**Заштита на животната средина**

5. Нацрт - Одлука за донесување на ДУП заради усогласување со новиот Генерален урбанистички план на Град Скопје, за Урбана четврт: СЗ 06;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**Заштита на животната средина**

6. Нацрт - Одлука за донесување на ДУП заради усогласување со новиот Генерален урбанистички план на Град Скопје, за Урбана четврт: СЗ 08;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**Заштита на животната средина**

7. Нацрт - Одлука за донесување на ДУП заради усогласување со новиот Генерален урбанистички план на Град Скопје, за Урбана четврт: СЗ 15;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**Заштита на животната средина**

8. Нацрт - Одлука за донесување на ДУП заради усогласување со новиот Генерален урбанистички план на Град Скопје, за Урбана четврт: СЗ 16 ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштитана животната средина**

9. Нацрт - Одлука за донесување на ДУП заради усогласување со новиот Генерален урбанистички план на Град Скопје, за Урбана четврт: СЗ 18;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**Заштита на животната средина**

10. Нацрт - Одлука за донесување на ДУП заради усогласување со новиот Генерален урбанистички план на Град Скопје, за Урбана четврт: СЗ 20;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**Заштита на животната средина**

11. Нацрт - Одлука за донесување на ДУП заради усогласување со новиот Генерален урбанистички план на Град Скопје, за Урбана четврт: СЗ 24;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**Заштита на животната средина**

12. Нацрт - Одлука за донесување на ДУП заради усогласување со новиот Генерален урбанистички план на Град Скопје, за Урбана четврт: СЗ 25;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**Заштита на животната средина**

13. Предлог - Одлука за донесување на УПС Кучково со разработка на блок;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**Заштита на животната средина**

14. Предлог - Одлука за донесување на УПС Волково со разработка на блок 3;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**Заштита на животната средина**

15. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година-Ребаланс (до 15-ти Ноември);

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски**
**Прашања**

16. Предлог-Програма за измени и дополнување на Програмата за Урбано планирање *Ф* за 2013 година на Општина Ѓорче Петров;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**просторно планирање и**
**заштита на животната средина**

17. Предлог-Програма за измени и дополнување на Програмата за комунални дејности *Ј* на Општина Ѓорче Петров за 2013 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

18. Предлог-Програма за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за 2013 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за работи на Градоначалникот и дејности од јавен интерес**

19. Предлог-Програма за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и подршката на невладиниот сектор за 2013 година ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за работи на Градоначалникот и дејности од јавен интерес**

20. Предлог-Програма за измени и дополнување на Програмата за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2013 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

21. Предлог-Програма за работа на Советот за носење одлуки согласно барања на даватели на грантови;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам, Комунални дејности и заштита на животната средина**

22. Донесување одредени одлуки по барање на Секторот за урбанизам кои ќе произлезат како резултат на барања од страна на давателите на грантови и донации за разни проекти на територијата на општината со кои секторот за аплицирање во 2013 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштита на животната средина**

23. Извештај за реализација на Програмата за Урбано планирање *Ф* и Програмата за комунални дејности *Ј* на Општина Ѓорче Петров за 2013 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**Комунални дејности и**
**заштита на животната средина**

24. Предлог-Програма за Урбано планирање *Ф* и комунални дејности *Ј* на Општина Ѓорче Петров за 2014 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за Урбанизам,**
**просторно планирање и**
**заштита на животната средина**

25. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за 2013 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за работи**
**на Градоначалникот и**
**дејности од јавен интерес**

26. Предлог-Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и подршката на невладиниот сектор за 2014 година ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за работи**
**на Градоначалникот и**
**дејности од јавен интерес**

27. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и подршката на невладиниот сектор за 2013 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за работи на Градоначалникот и дејности од јавен интерес**

28. Предлог-Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и подршката на невладиниот сектор за 2014 година ;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за работи на Градоначалникот и дејности од јавен интерес**

29. Извештај за реализација на Програмата за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2013 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

30. Предлог-Програма за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2014 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

31. Предлог-Буџет на Општина Ѓорче Петров за 2014 година;

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања**

32. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година;

**Предлагач:** **Градоначалник**
**Изготвувач:** **Сектор за финансиски прашања и Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

Програмата е отворена и во текот на годината може да се дополнува со нови точки.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-45/5**
**од 11.01.2013 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Буџетски календар на Општина Ѓорче Петров за 2013 година**

Се објавува Буџетскиот календар на Општина Ѓорче Петров за 2013 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Шеесетичетвртата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 11.01.2013 година.

**Број 08-135/4**
**од 11.01.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 27, став 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ( Службен Весник на Р.М. бр. 61/2004, 96/2004 и 67/2007) и член 16 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров ( Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 05/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 64-тата седница одржана на 11.01.2013 година, донесе:

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**
**за 2013 година**

| Ред. број | **А К Т И В Н О С Т И** | **Месеци во годината** |
|---|---|---|
| 1. | Советот на општина Ѓорче Петров го усвојува буџетскиот календар | **Јануари** |
| 2. | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиски планови за 2014 г. до сите Сектори во општинската администрација и до сите буџетски корисници, т.е. Општински јавни установи | **До 30 Јуни** |
| 3. | Сите Сектори и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметки за наредната година со образложение за висината на износите по позиции, како и извори на приходи | **Најдоцна до 20-ти Септември** |
| 4. | Министерството за финансии доставува Циркулар-насоки за подготвување на Буџетите на единиците на локална самоуправа за наредната година | **Најдоцна до 30-ти Септември** |
| 5. | Секторот за финансии подготвува проценка на вкупните приходи, ги разгледува, анализира и усогласува буџетските барања и финансиските планови и го известува Градоначалникот за основните параметри | **до 15-ти Октомври** |
| 6. | Градоначалникот организира собирти со граѓаните по, Месни и Урбани заедници, на кои се истакнуваат проблемите и потребите на граѓаните | **од 10-ти до 30-ти Октомври** |
| 7. | Секторот за финансии го изготвува Предлог-буџетот и го доставува до Градоначалникот на разгледување и одобрување | **до 10-ти Ноември** |
| 8. | Градоначалникот го претставува Предлог-буџетот на јавноста - граѓаните, Месни и Урбани заедници, медиум и т.н. | **До 30-ти Ноември** |
| 9. | Градоначалникот доставува конечна верзија на Предлог-буџет за наредната година до Советот на општината | **Најдоцна до 10-ти Декември** |
| 10. | Советот на општина Ѓорче Петров го усвојува Предлог-буџетот за наредната година | **Најдоцна до 31 Декември** |

Буџетскиот Календар за 2013 година влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07- 45/6**
**11.01.2013 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Стојкоски** с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена со проширување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година во колона кредити**

Се објавува Одлуката за измена со проширување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година во колона кредити, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шеесетичетвртата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 11.01.2013 година.

**Број 08-135/5**
**од 11.01.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 ст.1 т.2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002 г. и член 43 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл.гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006 год.), Советот на Општина Ѓорче Петров на 64-тата седница одржана на 11.01.2013 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
## За измена со проширување на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2013 година во колона кредити

### член 1

Со оваа Одлука се врши измена со проширување на средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година во колона кредити и тоа на седниот начин:

| Се зголемуваат приходите на следните поставки: | Буџет | Самоф. | Донации | Дотации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|
| 754111 Други домашни задолжувања | 0 | 0 | 0 | 0 | 17.730.470 |
| | **0** | **0** | **0** | **0** | **17.730.470** |

**и се распоредуваат на следните потпродрами и расходни потставни**:

**ЈД0 ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 482120 Изградба на улици, патшта И автопати | 0 | 0 | 0 | 0 | 17.730.470 |
| | **0** | **0** | **0** | **0** | **17.730.470** |

### член 2

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањетго и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2013 година, а ќе се објави во „Службен Гласник на општина Ѓорче Петров“.

**Бр. 07-45/7**
**11.01.2013 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Стојкоски** с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за доделување на награда за најубаво украсени куќа и двор, по повод Новата 2013 година**

Се објавува Одлуката за доделување на награда за најубаво украсени куќа и двор, по повод Новата 2013 година, што Комисијата за спорт, култура, млади, награди и признанија на Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седница на комисијата одржана на ден 26.12.2012 година.

**Број 08-134/1**
**од 11.01.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 42 став 1 алинеја 9 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 05/06), член 19 и член 20 од Правилникот за начинот , условите и постапката за доделување на Годишна награда и признание и одбележување на други празници, Комисијата за спорт, култура, млади, награди и признанија на Советот на Општина Ѓорче Петров на седницата одржана на ден 26.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на награда за најубаво украсени куќа и двор по повод Новата 2013 година**

**Член 1**

Комисијата за спорт, култура, млади, награди и признанија на Советот на Општина Ѓорче Петров додели награди за најубаво украсени куќа и двор по повод Новата 2013 година и тоа на:

- на ЈОУДГ„Росица“-Ѓорче Петров објект „Пампурче“, и се доделува парична награда во износ од 8.000,00 денари и пофалница, за најубаво украсен двор во јавна установа;
- на Цветаноски Већо, се доделува парична награда во износ од 6.000,00 денари и пофалница, за најубаво украсена куќа; и
- на Марковски Драган-Панко му се доделува парична награда во износ од 6.000,00 денари и пофалница, за најубаво украсен двор.

**Член 2**

Паричните средства да се уплатат на трансакциони сметки на наградените, а пофалниците да ги врачи Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 15-3889/4**
**Од 26.12.2012 година**
**С к о п ј е**

**Комисија за спорт, култура,**
**награди и признанија**
**П р е т с е д а т е л,**
**Новица Василевски с.р.**